Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-83/1
31.03 2021 год
ВЕЛЕС

**КОДЕКС**

**за употреба на социјални медиуми од страна на вработените и ангажираните лица во Центарот за развој на Вардарски плански регион**

**Член1**

Со овој кодекс се пропишува употребата на социјални медиуми од страна на вработените и ангажираните лица во Центарот за развој на Вардарски плански регион (во понатамошниот текст: вработените), поради сè поголемата употреба на интернетот, различните дигитални платформи и социјални медиуми за пренесување информации, работата со медиумите, а со тоа и работата на јавните институции коишто работат на политики во интерес на граѓаните.

**Член2**

Во Република Северна Македонија правото на слобода на говор е загарантирано со Уставот, а цензурата е забранета.

**Член3**

Центарот за развој на Вардарски плански регион поддржува слобода на изразување, различност на мислења и ги поттикнува вработените и лицата кои што се ангажирани за потребите на Центарот да ги следат најновите комуникациски трендови и постојано да се во тек со актуелните прашања во земјата и надвор од неа, во согласност со нивните работни обврски и интереси.

**Член 4**

Во согласност со принципот на транспарентност, Центарот спроведува проактивна комуникациска стратегија со цел навремено, објективно, точно и јасно да информира за активностите кои што ги спроведува и за политиките за кои што се залага. За таа цел, покрај соработката со традиционалните медиуми, активно се користат дигиталните медиуми за официјална употреба како канали за директна комуникација со јавноста односно со граѓаните на Република Северна Македонија.

**Член5**

Вработените лица во Центарот за развој на Вардарски плански регион можат да ги користат социјалните медиуми и дигитални платформи како:Facebook, Twitter, Instagram, Snapchat, YouTube и други. При управувањето со приватните канали на социјалните медиуми вработените, треба да следат одредени насоки, кои што не се базираат врз забрани, туку врз правила и препораки. Не треба да постои забрана вработените да ги користат каналите на социјалните медиуми, но сепак треба да се почитуваат одредени правила.

**Член 6**

При користењето на приватните профили на социјалните медиуми е препорачливо да се внимава на одредени аспекти за користењето на социјалните медиуми:

•Секој вработен треба да има предвид дека информациите што се објавени на неговиот профил се јавно достапни за целата јавност на интернет.

•Секогаш кога се објавуваат информации кои што се и во лично име, тие можат да се поврзат со институцијата во која што работи лицето и неговата работна позиција, па може да се толкува како став на институцијата, дури и во случаи кога е нагласено дека ставовите се лични.

•Вработените во Центарот треба да се непристрасни во вршењето на своите работни обрвски и во таа насока треба да се внимава при вклучување во јавни и во политички дискусии кои што може да влијаат на нивната непристрасност.

•Вработените не смеат на социјалните медиуми да објавуваат фотографии од свои колеги без нивно одобрение по која било основа.

•Работата на институцијата е под лупа на јавноста во Република Северна Македонија со оглед на тоа што јавната служба работи во интерес на граѓаните како даночни обврзници од кои се платени.

•Однесувањето на вработените е оценка за работата на институцијата во која што работат и затоа треба да се избегнува објавување на несоодветни содржини кои се или имаат:

- Активности кои што предизвикуваат негативна репутација за институцијата во која што работи вработениот;
- Недоречености и нејасни информации кои што оставаат простор за различни толкувања или изменет контекст;
- Навреди, говор кој што поттикнува омраза и дискриминација или така може да биде протолкуван кон поединци или кон група на граѓани;
- Објавување класифицирани информации или службени содржини кои што сè уште не се објавени во јавност;
- Учество во незаконски активности или несоодветно однесување;
- Кршење на условите кои што се однесуваат на работниот однос на вработениот, на каков било начин;
- Создавање на нелојална конкуренција, преку објавување или споделување информации со кои што би се извршило селективно промовирање или фаворизирање на одреден правен или приватен субјект;
- Информации со кои што би се прекршиле нечии авторски права;
- Објавува или споделување фотографии на кои што може да се препознае идентитет на малолетно лице, без претходно да се добие писмена дозвола од нивните родители/старатели;

- Објавува или споделува содржини поврзани со работата на Центарот, за кои што не сте сигурни дали се соодветни за јавност. Во овој случај треба да се информираат претпоставените за да се осигурате дека се свесни и се согласуваат со информациите кои ги споделувате;
- Нови информации кои што за првпат се изнесуваат во јавност треба премиерно да се објавуваат на официјалната страна на Центарот или на највисоките претставници на институциите;
- Објава на неточни информации или шпекулации со кои што на кој било начин би ги довеле граѓаните во заблуда,

можат да бидат пресликани како карактеристики на институцијата која што ја претставуваат вработените. Содржините кои што се споделуваат на социјалните медиуми се еднакво важни како и содржините кои што се објавуваат на традиционалните медиуми.

**Член 7**

Објавувањето во текот на работното време е несоодветно. Вработените во Центарот, како и сите други претставници на иституции, имаат јавно достапни работни позиции и работно време. Секое објавување на содржини на социјалните медиуми во текот на работното време може да биде третирано како избегнување на работните задачи и со тоа да се нанесе негативна репутација на институцијата во која што се вработени.

**Член 8**

Доколку вработениот не ги почитува наведените правила ќе добие писмена опомена од страна на одговорното лице, а потоа ќе се примени и соодветни постапки, се со цел зачувување на угледот на институцијата.

**Член 9**

Овој КОДЕКС за употреба на социјални медиуми од страна на вработените и ангажираните лица во Центарот за развој на Вардарски плански регион влегува во сила од моментот на негово донесување.

Центар за развој на Вардарски плански регион
В.д. Раководител
Д-р Игор Андреев